# ЗАПИСНИК

## од четвртата седница на Генералното Собрание на ЗЕЛС

Струга, 23 јуни, 2019 г.

# ЗАПИСНИК

од 4-та седница на Генералното Собрание
Струга, 23 јуни, 2019 г.

Присутни:

Миликије ХАЛИМИ, Наташа ПЕТРОВСКА, Аљбон ЏЕМАИЛИ, Сашо ЈАНКОСКИ, Борис ГЕОРГИЕВСКИ, Лазар ПЕТРОВ, Марјанче СТОЈАНОВСКИ, Џемил ЌАМИЛИ, Жика СТОЈАНОВСКИ, Ацо ВЕЛКОВСКИ, Медат КУРТОВСКИ, Јасмина ГУЛЕВСКА, Живко ГОШАРЕВСКИ, Бранко ЈАНЕВ, Коста ЈАНЕВСКИ, Саша БОГДАНОВИЌ, Љубица ЈАНЧЕВА, Енвер ПАЈАЗИТИ, Марјан ЈАНЕВ, Аце КОЦЕВСКИ, Сашо ПОЦКОВ, Петре ШИЛЕГОВ, Горан ТРАЈКОВСКИ, Александар НАУМОСКИ, Бљерим СЕЈДИ, Стефан БОГОЕВ, Фатмир ДЕХАРИ, Благој ИЛИЕВ, Томе ХРИСТОСКИ, Максим ДИМИТРИЕВСКИ, Еркан АРИФИ, Соња СТАМЕНКОВА, Живко СИЛЈАНОВСКИ, Љубе КУЗМАНОВСКИ, Антонио ГАВРИЛОВСКИ (со овластување), Илија ЈОВАНОСКИ, Блерим БЕЦЕТИ, Сашо ВЕЛКОВСКИ, Рамис МЕРКО, Теута АРИФИ, Аријан ИБРАИМ, Висар ГАНИУ, Горанчо КРСТЕВ, Благој БОЧВАРСКИ, Тони БОЈКОВСКИ, Коле ЧАКАРЧИЕВ, Никола СТАНКОВСКИ.

Седницата на Генералното Собрание е отворена, констатиран е кворумот. На седницата се присутни 49 делегати од кои еден делегат е со овластување.
Собранието може полноправно да одлучува.

Генералното собрание едногласно го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Записникот од 3-та седница на Генералното собрание на ЗЕЛС;
2. Обраќање на г. Петре Шилегов, претседател на ЗЕЛС;
3. Усвојување на извештај за работа и финансиски извештај на ЗЕЛС за 2018г;
4. Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЗЕЛС;
5. Одлука за кооптирање на член во Управниот Одбор на ЗЕЛС;
6. Отворена дискусија – Разно.

ПРВА ТОЧКА: Усвојување на Записникот од 3-та седница на Генералното собрание на ЗЕЛС;

Записникот од 3-та седница на ГС, е уредно доставен со материјалите за оваа седница и истиот е едногласно усвоен без забелешки.

ВТОРА ТОЧКА: Обраќање на г. Петре Шилегов, претседател на ЗЕЛС;

Претседателот на ЗЕЛС се обрати на присутните поздравувајќи ги новоизбраните градоначалници во општините Дебар, Охрид и Ново Село.

Делегатите беа информирани за реализираните активности на ЗЕЛС во текот на 2018 г. но и за одржаната тематска седница на Управниот одбор на ЗЕЛС со Владата на Република Северна Македонија. Беше потенциран отворениот дијалог, иницијативата за формирање на работна група и посебни групи кои ќе отворат дискусија со Владата во поглед на

претстојната следна фаза на децентрализација на надлежностите на општините. Иницијатива на ЗЕЛС и понатаму останува процесот на децентрализација да биде проследен со финансиска стабилизација на општините, но и за секоја преземена надлежност да се работи на обезбедување на соодветни финансиски средства како и градење на капацитетот на општинската администрација. Со Владата беа отворени неколку области за кои има позитивно расположение да бидат пренесени како надлежност на општините, а тоа се управувањето со земјоделското земјиште, управувањето со шумите, пасиштата, водостопанствата, културните домови установите од областа на социјалната заштита и надлежноста за распределба на средствата ана граѓаните кои се стекнале со вакво право, целосна децентрализација и надминување на состојбите во областа на образованието, областа на инспекцискиот надзор итн. Од аспект на фискалната децентрализација, ЗЕЛС ги реафирмираше своите ставови дека и понатаму бара 10% од прибраните средства по основ на ДДВ и 50% од средствата прибрани по основ на персоналниот данок на доход. Се разговараше и за пренесување на дополнителни изворни приходи како што се приходите од издавање на лиценци за приредување на игри на среќа, средства од концесии и давање под закуп на шуми, пасишта и земјоделско земјиште итн. Присутните беа известени и за дискусијата во однос на повторен процес на легализација на бесправно изградени објекти, но овој пат условен со можноста за идно вклопување на овие објекти во урбанистичко планската документација и плаќање на повисок надомест за кој секој делегат е повикан да се изјасни со посебен образец на известување кое ќе биде дистрибуирано од страна на стручната служба на ЗЕЛС. Со Владата е разговарано и за пристапот кон прибирањето на сопствените приходи од страна на општините, заради што покрената е иницијатива сите општини организирано и во ист период да донесат одлуки за зголемување на стапка на данок на имот од сегашните 0,1% на 0,2%.

Проблемот во областа на противпожарната заштита ќе се решава суштински на почетокот на 2020 година кога заради запазување на стандардите со членството на државата во НАТО алијансата, потребно е да го усогласи и целокупниот систем на заштита и спасување.

ЗЕЛС и Владата постигнаа взаемна согласност што поскоро да започнат со работа на утврдување на содржината прописите кои ќе бидат предмет на изменување заради успешно спроведување на следната фаза на децентрализација која се очекува да започне заклучно со 1 јануари, 2010 г.

Претседателот ги образложи и достигнувањата на ЗЕЛС во текот на 2018 година, а особено решавањето на проблемот со превозот на ученици преку иницијатива за изменување на Законот, организирање на обука за над 1600 локални службеници, организирање на три циклуси на обука за стекнување со овластување за управување со градежното земјиште итн.

ТРЕТА ТОЧКА: Усвојување на извештај за работа и финансиски извештај на ЗЕЛС за 2018г;

Сите финансиски материјали за работењето на ЗЕЛС се доставени, од кои се гледа дека остварувањето на приходите во минатата година било 90%. Приходите главно доаѓаат од членарина и тоа дури 75%. Донаторите учествуваат со 9,3% и тоа се проекти кои се повторно за поддршка на општините, а нив ги карактеризираат активности на ЗЕЛС како наша поддршка кон нив. Останатите се приходи од извршени услуги, како што се закуп на простории, обука за стекнување со овластување за управување со градежно земјиште итн. Со оглед дека речиси 85% од приходите се од сопствени извори, може да се заклучи дека ЗЕЛС е прилично самостојна и самоодржлива организација.

Што се однесува до расходите, истите за 2018 г. изнесуваат 20.820.000,00 денари, а тие се за: функционирањето на ЗЕПЕ (ЗЕЛС единица за поддршка на електронски општини) каде се потрошени 7.640.000,00 денари за набавка на нови единици, интернет, одржување и клауд систем. За лобирање се потрошени 4 милиони денари, а тоа се состаноците организирани со Владата, парламентарни групи, разни активности со меѓународни организации и институции. Расходот за обуки изнесува 2.948.000,00 денари и тоа се трошоци на ЗЕЛС Тренинг Центарот, за материјали, за обучувачи, за издавање на гласило и годишен извештај потрошени се 3.720.000,00, трошоци за Генерално Собрание и Управен Одбор на ЗЕЛС, како и за организирање на Заедничкиот консултативен комитет изнесуваат 2.058.000,00 денари.

Забележан е огромен тренд на зголемување на наплатата на членарината, па така во 2019 година се наплатени 23 милиони денари од заостанати членарини, со помош на кредитот на Владата за финансиска консолидација на општините. Градоначалниците континуирано ги исплаќаат своите обврски, а некои општини склучија спогодби за отплата на долгот на рати.

ОДЛУКА: Генералното собрание на ЗЕЛС едногласно го усвои финансискиот извештај – завршната сметка на ЗЕЛС за 2018 г.

ЧЕТВРТА ТОЧКА: Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЗЕЛС;

На Генералното Собрание, по предлог на Управниот одбор на дневен ред е разгледување на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на ЗЕЛС, кое се врши во согласност со измената на уставот, при што доаѓа до усогласување на називот на заедницата, но и усогласување на текстот на Статутот, и тоа зборовите Република Македонија се заменуваат со зборовите Република Северна Македонија а зборот Македонија се заменува со зборовите Северна Македонија.

ОДЛУКА: Генералното собрание на ЗЕЛС едногласно ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на ЗЕЛС со кое се врши промена на зборовите Република Македонија со зборовите Република Северна Македонија а зборот Македонија се заменува со зборот Северна Македонија.

ПЕТТА ТОЧКА: Одлука за кооптирање на член во Управниот Одбор на ЗЕЛС;

Со оглед ан немилиот настан, смртта на поранешниот градоначалник на општина Охрид г. Јован Стојаноски, Генералното собрание констатираше дека престанува неговиот мандат како член на управниот одбор. На негово место го избра актуелниот градоначалник г. Константин Георгиески за член во Управниот одбор на ЗЕЛС.

ОДЛУКА: Генералното собрание го констатира престанокот на мандатот на поранешниот градоначалник на општина Охрид како член на управниот одбор и на негово место го избира актуелниот градоначалник на општина Охрид г. Константин Георгиески. Оваа одлука се донесува на предлог на Управниот одбор на ЗЕЛС.

ТОЧКА РАЗНО:

Градоначалникот на општина КУМАНОВО

Беше поздравена подготвеност ана Владата да се впушти во конечно решавање на финансиската состојба на општините, а особено со претстојниот процес на децентрализација кој треба да го следи и соодветна фискална децентрализација. Проблемот кој беше истакнат се однесуваше на огромните долгови кои се уште не се санирани, па општините се наоѓаат во тешка финансиска состојба и покрај помошта од Владата во висина од 50 милиони евра. Големи финансиски оптоварувања се настанати по основ на издадени фактури за испорачани услуги на јавните претпријатија за кои износот на ДДВ не е исплатен кон Управата за јавни приходи согласно Закон, а истите во огромен процент се ненаплатени. Оваа состојба особено е настаната во периодот од 2005 – 2009 година, кога поради ненаплатени фактури, настанал долг за неплатен ДДВ, а на основниот долг се засметуваат законски камати кои денес неколкукратно го надминуваат основниот долг. На овој начин, и покрај тоа што општината го помага работењето на јавните претпријатија со трансфери од буџетот, за целосно санирање на долгот ќе биде потребен огромен број на години за истиот целосно да се исплати. Сегашната состојба е 47 милиони денари основен долг и речиси 120 милиони денари камата. Беше побарано, во оваа смисла, ЗЕЛС да се заложи и во соработка со Владата, да се изнајде решение согласно Закон и да се отпишат долговите на јавните претпријатија за да може општините нормално да функционираат. Овој став е потребно да се изнесе во рамките на претстојните преговори со Владата поврзан со процесот на децентрализација.

Градоначалникот на општина РОСОМАН

Беше истакната проблемот со недостаток на капацитет на општината да врши инспекциски надзор. Општината Росоман има склучено договор за меѓу-општинска соработка за инспекциски надзор во областа на урбанизмот и градежништвото. Но поради неможност ажурно да реагираат општинските служби на општина Кавадарци, низок е степенот на надзор во општината Росоман. И по пријава од страна на градоначалникот и обраќање до соседната општина, изминува подолг период за реакција, што е доволно за сторителот на прекршокот да ги продолжи градежните активности. Затоа беше побарана помош, да се изврши структурна реорганизација на инспекцискиот надзор за да може и општините кои немаат сопствени капацитети да бидат опфатени со инспектори од поразвиените институции.

Градоначалникот на општина ВЕЛЕС

Беше подвлечена заложбата ЗЕЛС да се избори за таканаречени “буџетски преговори”. Доколку се пристапи кон нова фаза на децентрализација ќе биде потребно да се променат огромен број на прописи, а за некои од нив (особено за Законот за локалната самоуправа) ќе биде потребно и 2/3 мнозинство, за што ќе треба да се лобира од страна на сите политички партии.

Беше предложено веднаш и без одлагање, уште на оваа седница, да се прифати предлогот на Владата за формирање на работна група и да се изберат членовите на истата од редот на членовите на Генералното собрание. Целта на оваа работна група ќе биде да најде начин да обезбеди и соодветни финансиски средства за општините за сите пренесени надлежности.

Беше отворено и прашањето за потребата од утврдување на право на градоначалникот да назначи свои заменици кои би имале мандат еднаков на времетраењето на мандатот на градоначалникот, а кои би биле задолжени за посебни административни области во

надлежност на општината. Денес градоначалникот не може да донесе свои соработници, спроведувањето на проектите се одвива тешко заради недоверба или заради нестручност.

Беше спомнат и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа кога беше реафирмирано барањето за 10% од ДДВ како приход за општините, или 7,5% со тоа што преостанатите 2,5% би имале намена за воедначување и помош на помалку развиените општини. Беше побарано персоналниот данок на доход да биде изворен приход за општините во износ од 30 до 50%, а во оваа дебата беше побарано да се вклучат и вклучиме експерти.

Беше посочено дека со Владата е отворено и прашањето за капиталните трансфери, со предлог тие да се интегрираат во еден систем со неколку подсистеми заради нивната намена, но на крај општините самостојно да одлучуваат за своите приоритети.

Констатирано е намалување на средства за локални патишта и улици, со оглед дека надоместоците веќе не се слеваат директно во овој фонд, заради што е побарано да се вратат претходно загарантираните износи за општините.

Претседател ан Совет на општина РАДОВИШ

Беше повторно отворено прашањето за состојбата со противпожарните единици, комуналните инспектори и комуналните редари. Беше дадена поддршка на концептот за јакнење на надлежностите на комуналните редари кои би добиле форма на општинска полиција.

Беше побарано да се утврди посебен статус на организираната полско – чуварска служба по примерот на комуналната и шумската служба кои имаат посебни надлежности утврдени со Закон.

Укажано е и на алармантната состојба со неможноста за вработување на градежен инспектор за подрачјето на општините Радовиш и Конче.

Градоначалничката на општина МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

Укажано е на постоењето на противпожарна единица во општината која е формирана во времето на важење на стариот Закон за пожарникарството, која сега не е опфатена заради што истата нема основ да биде финансирана со средствата од дотациите од државата, ниту општината има право да вработува лица и на истите да им утврдува статус службено лице заради укажувањето на Министерството за информатичко општество и администрација кое не дава согласност на актот за систематизација. Беше побарано, со отворањето на преговорите со Владата во делот на противпожарната заштита да се инсистира на вклопување на четирите противпожарни единици кои се наоѓаат во иста положба во системот на противпожарна заштита.

Градоначалникот на општина КРУШЕВО

Беше укажано дека конкретно во општина  Крушево има 30 објекти кои имаат утврден статус на заштитена споменична целина, па оттука станува збор за национални установи на кои општината не смееме ништо да промени. Овие објекти, споменици, општината нема надлежност да ги реконструира и да се грижи за нивното одржување. Такви споменици се

“Гумење”, “Македониум”, музејот на Тодор Проески итн. Градоначалникот побара активно да биде вклучен во преговорите за претстојниот процес на децентрализација во делот на културата.

Како голема пречка посочен е и износот на ДДВ кој општината треба да го плати со оглед дека истиот не влегува во пресметката на трошоците за добиените средства од ИПА проектите. Овие општини се особено погодени кога конкурираат за големи инфраструктурни проекти, кога мора да го платат и високиот износ на ДДВ. Оттука е побарано да се инсистира на изземање на општините од оваа обврска заради искористување на средствата од ИПА проектите.

Градоначалникот на ГАЗИ БАБА

Беше поздравен најавениот процес на сеопфатна децентрализација, но укажа дека е потребно да се води сметка дека општините немаат капацитет нити тимови кои може да ја понесат обврската за аплицирање и реализација на ИПА 2 и ИПА 3 проектите. За подготовка на проектната документација потребни се стручни тимови кои мора да бидат во некоја форма обезбедени од државата.

***

Претседателот на ЗЕЛС ги информираше делегатите дека ЗЕЛС ќе се обрати до секоја општина поединечно со барање за произнесување по двете приоритетни прашања во овој момент, односно прашањето за согласност за зголемување на стапката на данок на додадена вредност од 0,1 на 0,2 % и прашањето за согласност за утврдување на дополнителни услови и зголемена висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште за објектите кои се предмет на легализација во висина од 150% од утврдената за соодветната градежна зона.

Струга, 23 јуни, 2019 г.

Составил,
Стручната служба на ЗЕЛС